Горан ЗЕНДЕЛОВСКИ УДК: 355.01:304-027.511

# ДИЈАПАЗОНОТ НА ВОЕНАТА МОЌ ВО УСЛОВИ НА СОВРЕМЕНАТА ГЛОБАЛИЗАЦИЈА

***Кратка содржина***

*Процесите на глобализацијата го добија приматот на регулатор на светските случувања. Контроверзите и ривалствата од времето на Студената војна, остави антагонизми кои водеа кон редица војни и конфликти насекаде во светот. Периодите исполнети со осцилации на мир и војна укажаа дека на процесите на глобализацијата и на војната како општествена појава, не треба да се гледа како на посебни издвоени прашања. Во свет сочинет од земји „класифицирани" како од Прв, Втор или Трет свет, тешко е да се пронајде заедничко миролјубиво решение. „Двојните стандарди" што ги промовира глобализацијата, остава можност од појава на нови конфронтирања помеѓу „силата", „правата" и „интересите" на државите и на меѓународните организации.*

***Клучни зборови:*** *ГЛОБАЛИЗАЦИЈА, ВОЈНА, МИР, ВОЕНА МОЌ.*

За многумина периодот после Студената војна не преставуваше време на стабилност и напредок, туку на нови наизменични збиднувања со мир и војна. Динамичките процеси на глобализацијата кои се повеќе го забрзуваа темпото на размена на финансии, технологија, комуникации, покрај тоа доведоа и до ранливост и неизвесност на повеќе земји. Степенот на незадоволство предизвикан од овие процеси, кај некои народи беше дополнителен мотив и причина за војна и конфронтирање. Можеби за некого веројатноста од трета светска војна е илузија, сепак не се исклучува можноста од употреба на војната или конфликтот во некои делови од светот обременети со високо ниво на сиромаштија.

Искуствата од војните во минатото и оние во почетокот на 21-от век не даваат одговори на прашањата „зошто војна"? Кои се причините за војна? Во кои општества се појавува војната[1]? На кој начин процесите на глобализацијата ја промовираат војната или причините за војна? Иако се едноставни прашањата сепак барањето на концизни одговори е навистина комплицирано. Меѓутоа ќе се обидеме да образложиме на кој начин војната и глобализацијата одат „рака под рака".

---

[1] John B., James W., Colin G. and Eliot C., Strategy in the contemporary world, second edition, Oxford University Press, 2007.

Во академската заедница глобализацијата ја опишуваат како значаен фактор во денешницава со силно влијание во сите сфери на животот. Тоа значи, освен позитивните аспекти на глобализацијата кои водат кон меѓузависност, интеграција и прогрес, таа ги зголеми процесите на фрагментација, доминација, авторитаризам и некооперативност. Огромните разлики пред се во економската развиеност, сфаќања за демократијата, човековите права и слободи и културните аспекти укажуваат дека е невозможно да се унифицираат земјите и народи според еден „универзален калап", без притоа да се нарушат глобалниот мир и стабилност. Економските аспекти на глобализацијата кои се се повеќе изразени од останатите аспекти, доведе до енормно богатење на помал број земји и народи од северната хемисфера и „глобализирана сиромаштија" кај повеќето земји во светот. Јазот помеѓу богатите и сиромашните допринесе и до социјална поларизација („социјален апартхејд"), „глобална дезинтеграција" и „интернационализација на невработеноста".[2] Освен тоа „економскиот тоталитаризам" применуван од високо развиените земји остави и други проблеми и прашања поврзани за разурнување на традиционалните вредности, културата, дерогирањето на државната суверeност, уништување на животната средина и до интернационализација на одредени опасности како што се: меѓународниот тероризам, организираниот криминал, етни£ки и верски екстремизам, опасноста од употреба на оружје за масовно уништување и други, се само индикатори за степенот на нестабилност и хаосот во меѓународните односи. Оттука, постојат видувања дека глобализацијата не го прави светот рационален и побезбеден, туку нестабилен, неизвесен и опасен.

Затоа причините за војна и конфликт во денешно време на глобализираност се помногубројни и поизразени за разлика од минатото каде што војните беа претежно поврзани за територии и меѓуетнички разлики. Но, војните во 21 век се разликуваат во многу нешта. Најпрвин ќе ја посочиме главната причина за „воен поход" и револуција во военотехнолошките достигнувања, а се однесува на настаните од 11 септември во 2001 година. Оттука и започнува „одисејата" за трансформација на воено-безбедносните структури и институции, промена на националните и воено-одбранбени стратегии и доктрини, начинот на војување и изведување на воените операции. Овие терористички напади доведоа до апсолутна доминација на средствата на „тврда моќ" во глобалните превирања. Процесите на глобализацијата кои го забрзаа темпото на индустријализација, компјутеризација и размена на технологии, имаа значително влијание и врз

2 Michael Chossudovsky, The Globalization of Poverty and the New World Order, second edition, Global Research, Center for Research on Globalization, 2003.

воената сфера. Меѓутоа, да не се изостават појавата на асиметричните и другите невоени закани и опасности кои ги мултиплицираа воено - безбедносните проблеми. Стравот од овие закани допринесе некои земји да превземаат „превентивни мерки" со изведување на „превентивни војни" во оние земји од светот кои сеуште ги немаат прифатено западните вредности. Што на некој начин наместо да се редуцираат заканите и опасностите доведе до глобализирање на воената сила, а со тоа и до воспоставување на *New World Military Disorder.*

Во услови на современа глобализација, причините за војни се речиси безбројни, но ќе наведеме само некои од веќе познатите кои се истакнати од светски познати автори. Според авторот *Fukuyama* како главни причини за војни ги наведува нафтата, емиграцијата и новиот светски поредок.[3] Од кои третата причина за појава на војни и судири ќе биде многу позначајна затоа што опфаќа доста широк спектар на активности за отпочнување на воени дејства. Додека, *Huntington* говори за стравот од асимилирање на сопствениот идентитет и јазик со глобалните културни вредности, ќе влијае кај некои народи и земји тоа да го надоместат преку насилства, етнички чистења, геноцид и војни со цел да ги истакнат сопствените културни вредности над останатите. При што ќе биде потенцијална причина за „судир на цивилизации".[4] Меѓу овие причини може да ги истакнеме и неправилната перцепција на група луѓе или индивидуи кои ќе успеат да го наметнат своето лично видување за некоја земја (нпр. Ирак[5]). Како и недостигот на владини авторитети на моќ, неспособни да ја контролираат ситуацијата во земјата и вообичаено завршуваат со етнички чистења или граѓанска војна, па така постои можност од дестабилизација на регионот во кој земјата географски и припаѓа.

Од досега спомнатово може да се запрашаме дали во иднина вооружените сили повеќе ќе се соочуваат со ризици и опасности кои се последица од процесите на глобализација, отколку од конвенционален напад на непријателски земји? Колку и на кој начин овие процеси индуцираат војни и судири и колку денешните војни стануваат глобализирани?

Дел од одговорите на овие прашања може да ги проследиме преку анализите на авторот *Baumann* кој говори за два типа на војни. Едните ги нарекува „глобализирани војни" и другите, „војни породени од глобализацијата". Авторот ги презицира првиот тип на војни како војни кои се водат во името на постули-

---

3 Fukuyama F. (1992) The End of History and the Last Man, Penguin Books

4 Huntington S.P. Sukob Civilizacija i preustroj svjetskog poretka, Izvori, Zagreb,1996.

5 Во 2002 година САД и В.Британија извршија воена интервенција врз Ирак. Интервенцијата беше изведена поради погрешната перцепција на тогашниот претседател Џорџ Буш за наводното развивање на оружје за масовно уништување од страна на режимот во Ирак

раните меѓународни односи кои во практиката се претставени и создадени *ad hoc* и зависни од регионалните коалиции и заинтересираните партнери. Односно, одсуството на авторитет на меѓународните политички институции е причина за изведување на воени операции проследени преку правилото на дејствување познат како „законот на посилниот". Но, од друга страна некои земји ги покажуваат „сопствените мускули" и слобода на дејствување во име и одбрана на меѓународниот поредок. Како што вели *Ваиmann* целта на глобализираните војни е отстранување на пречките од патот кои го попречуваат реализирањето на неолибералниот модел, односно денес се започнува војна заради отварање на досега затворените територии за глобално движење на капиталот, пари и стоки.[6]

Вториот тип на војни според *Ваиmann* се познати како војни „препородени од глобализацијата". За нив вели дека процесите на глобализација ги рушат постоечките граници на другите народи и ја елиминираат нивната моќ, притоа придобивките се насочуваат кон земјите предводници на овие војни. Во име на економските придобивки и воспоставување на единствен светски систем, овие земји предводници ги рушат постулатите во многу земји. Поради тоа, глобализацијата предизвикува незадоволство и несигурност проследени со судири и војни кај повеќето земји, кои не ги прифаќаат глобализациските трендови. Оттука, тој ги определува меѓуетничките војни, геноцидот и појавата на терористички акти, како војни породени од глобализацијата.[7]

Некои автори дури и се обидуваат да објаснат „зошто е корисна војната", односно дека треба да и се даде шанса на војната доколку води кон зачувување на светскиот мир. Од друга страна ако треба да се водат војни онаму каде се прекршени човековите права или има недостаток на демократски вредности, тогаш војните ќе ја опфатат целата земјина топка и навистина ќе не втурне во „светски без поредок". Постојат и размислувања за тоа, дека во свет со повеќе демократски земји ќе има помалку побуди за војна. Разбирливо е да се однесуваат помирољубиво помеѓу себе поради меѓузависноста изразена во економските аспекти. Бидејќи, многу од овие земји се насочија кон подобрување на стандардите за живеење и развој отколку кон меѓудржавно конфронтирање. Но, дали зголемувањето на демократските вредности ќе бидат доволен „лек" да се излечи „болеста" војна? Затоа што во денешно време демократските земји се вклучени во војните исто колку и недемократските земји од светот.

---

6 Бауман З., „*Войните в ерата на глобализацията*". Социологически проблеми 1-2, (2001): 5-25.

7 Исто

Покрај тоа, војните започнати заради непочитување на западните вредности, (на кои и најчесто се повикуваат земјите), а се однесуваат на непостоење на задоволително ниво на демократија или закана за светскиот мир, во „позадина" на овие вредности често некои земји ги пронаоѓаат „сопствените интереси". Иако, се обидуваат да најдат „алиби" за „воените авантури", сепак последиците од нивните дејствија можеа да индуцираат нови форми на ривалство помеѓу нациите, државите и регионите, а тие да прераснат во регионална или глобална војна.

По се изгледа првичните форми на глобализацијата кои ветуваа демократија, мир и економски пораст секаде во светот, во денешно време таа се појави, како комплексен процес за регионите и земјите кои не се подготвени за информационата ера, модернизацијата, глобалниот натпревар на пазари или за неолиберализмот. Така глобализацијата создавајќи еден раздвоен свет, на „победници и поразени", остава многу држави и региони да се борат со цел да ги задржат своите „глави над водата што надоаѓа", притоа не знаејќи како да реагираат на промените кои пребрзо се шират околу нив. Во таквата мешаница глобализацијата е видена како „пироман" за оние држави и народи кои не сакаат да се адаптираат на новите правила поставени од „царството на глобализацијата".

## Пролиферација на воената моќ - индикатор за глобалната (не) безбедност

Иако периодот после Студената војна значеше нов почеток во меѓународните односи, во кој ќе завладее мир преку инструментите на невоената моќ не вроди плод. Напротив доведе до нова констелација на односи во чии рамки повторно доминираа воено-безбедносни аспекти. Воените закани што се појавија во одредени региони како што се Балканот, Кавказот и Средниот Исток влееја несигурност и страв во повеќе земји. Со цел да се надмине и стравот од новите закани и опасности кои пребрзо се ширеа, како и идните конфликти и војни, државите одлучија својата заштита да ја пронајдат со вклучување во колективните системи за безбедност и одбрана. Меѓу другото тоа значеше и поголеми издвојувања од националниот буџет за потребите на одбраната.

Присутната неизвесност од мултициплираните закани кои често случени во еден дел на светот да се рефлектираат и на другите страни, се виде како причина и потреба за зголемување на националните воени капацитети, но и како одговор од можен напад врз сопствената територија. Од друга страна бидејќи бенефициите од глобализацијата беа наменети само за мал број на земји, кај оста-

натите земји од светот, таа нееднаквост беше главна причина за фрустрација, која беше „лечена" со енормно издвојување на финансиски средства за воена технологија и опрема. Покрај тоа, ваквите светски процеси незадоволните ги препознаа и посочија кон глобализацијата, која за нив преставуваше закана за мирот.

Сепак во поновите воено-безбедносни односи лидерството и напредокот во воената технологија го застапуваат најразвиените земји во светот со изразито нау£ни, технолошки, и индустриски капацитети за иновации, формирајќи го врвот на воената технологија. Додека, другите земји се соочени со видлива безбедносна дилема, настојувајќи да ги обезбедат најсовремените технологии и системи. Односно, доколку не успеат во тоа нивната потенцијална воена сила може да еродира. Всушност динамиката на воената технологија и опрема го охрабрува трансконтиненталниот пораст на воената способност и технологија, што на некој начин ја промовира военотехнолошката верижна реакција во светските воено - безбедносни комплекси.[8]

Во изминатиот дведецениски период постоеше западната проминенција во оваа сфера. Динамиката на глобализациските процеси доведоа до забрзана индустријализација и модернизација кои го промовираа западното влијание како производители и глобални дистрибутери на воена моќ, но и како центри на воена сила.

Преку податоците што следат за пролиферација на оружје во глобални рамки, ќе увидиме дали средствата на „тврдата моќ" се сеуште присутни на глобалната сцена. Односно, дали постои појава од „нова трка во вооружување" или тренд на „глобална милитаризација".

Институтот за истражување на меѓународниот мир од Стокхолм, (SIPRI) ги посочува земјите кои имаат најголем удел во светско-воените превирања. Па така, лидерството им припаѓа на САД со дури 85% од вкупната воена потрошувачка за 2005 година. Истиот извор, констатира дека 15 земји во светот трошат 84% од вкупниот износ, меѓу кои се САД со 48%, потоа следат В.Британија, Франција, Јапонија и Кина со по 5% од вкупната воена потрошувачка.[9] Генерално, после терористичките напади на САД рапидно се зголемува процентот во воената потрошувачка, а тоа се должи на глобалната војна против теророт. На *слика 1.* може да се видат расходите за воени потреби на САД за периодот од 2001 до 2009 година. Разликата во воената потрошувачка помеѓу 2002 и 2003 година ( од 7.24% се зголемува на 21.79%), се јавува поради воените операции во Авганистан и Ирак. Додека трошоците за 2008 год. изнесуваат 696 милијарди

---

8 Stocholm International Peace Research Institute, http://www.sipri.org/

9 Исто, Yearbook, 2006

долари или покачување за 9.77% во споредба со 2007 год. Иако воените планери на САД предвидуваа благо покачување на буџетот за одбрана за 2009 год., сепак до тоа не дојде поради влијанието на глобалната финансиска криза. Меѓутоа во споредба со другите сфери на општеството, каде имаше огромна редукција на средствата, во одбранбениот сектор кризата имаше минорен ефект.[10]




**СЛИКА 1**. ИЗВОР: CENTER FOR ARMS CONTROL AND NON-PROLIFERATION, FEBRUARY, 20 2008.

Како изгледа компарацијата на Соединетите Американски Држави со останатите земји од светот, односно региони може да се види на наредната *слика 2.* На која фигурира буџетот на САД за 2009 година и финансирањата во Министерството за Енергија под чија надлежност се активностите и програмите за нуклеарно оружје.




**СЛИКА 2**. ИЗВОР: US MILITARY SPENDING VS. THE WORLD, 2008, CENTER FOR ARMS CONTROL AND NON-PROLIFERATION, FEBRUARY, 20 2008.

[10] Буџетот за одбрана на САД за 2009 година изнесува 612 милијарди долари. Дефицитот од 454.8 милијарди долари во чиј удел имаат давачките за војните во Авганистан и Ирак е само потврда за големото влијание на воените расходи врз појавата на глобалната рецесија.

Со вкупно светска воена потрошувачка од 1,473 трилиони долари[11], најголем дел им припаѓа на САД (711 ), потоа следат Кина со (121), Русија со (70), В.Британија со (55.4) милијарди долари и итн.

Односно ако се земат предвид податоците за воената потрошувачка на САД (од 2005 год), во компарација со останатите земји од светот тие би изгледале вака:

- воената потрошувачка на САД е речиси 2/3 од вкупната светска потрошувачка;
- речиси седум пати е поголем буџетот на САД од кинескиот буџет (втор по големина буџет за одбрана во светот);
- приближно 29 пати е поголем буџетот на САД во споредба со издатоците на земјите од „оската на злото" (Куба, Иран, Либија, С.Кореја, Судан и Сирија) кои трошат вкупно 14.65 милијарди долари;
- САД и нивните блиски сојузници се движат во рамките од 2/3 до 3/4 од вкупната светска воена потрошувачка (за блиски сојузници се сметаат земјите од НАТО сојузот, Австралија, Канада, Израел, Јапонија и Ј.Кореја);
- шестте потенцијални непријатели на САД (претходно споменатите) заедно со Русија и Кина трошат 139 милијарди $, или тоа би изнесувало само 30% од буџет за одбрана на САД.[12]

Понатаму може да ги проследиме ( на с*лика.3*) податоците за земјите во развој во периодот од 1999 до 2006 година. Кои често се во улога на купувачи или увозници на оружје од високо развиените земји.

Од досега прикажаното, може да се заклучи дека како се глобализира светската трговија, преку слободен пристап до пазарите, на тој начин се глобализира и тргувањето со вооружување и опрема. Најголем удел во тоа имаат високо развиените земји кои се поддржувачи на процесите на глобализацијата и често се појавуваат на глобалниот пазар како понудувачи или извозници на оружје. Додека на спротивната страна се оние земји во развој од „Третиот свет", претежно зависни од високо технолошките воени иновации на развиените земји.

---

[11] Од прикажаното може да се констатира дека денешната светска потрошувачка за одбрана наликува на оние расходи од времето на студената војна. Само за споредба, глобалните воени издатоци во 1985 година изнесуваа околу 1.2 трилиони долари.

[12] U.S. Military Spending vs. the World, Center for Arms Control and Non-Proliferation, February 5, 2007.




**СЛИКА 3**. ИЗВОР: RICHARD F.GRIMMETT, CRS REPORT FOR CONGRESS; CONVENTIONAL ARMS TRANSFERS TO DEVELOPING NATIONS, 1999-2006, SEPTEMBER 26, 2007 HTTP://WWW.GLOBALISSUES.ORG.GEOPOLITICS/ARMSTRADE/BIGBUSINESS.ASP

Со други зборови ова значи апсолутна доминација на демократските земји во воената сфера, чиј опсег е до 74% од светската трговија.[13]

Според ЦДИ (*Center for Defense Information*), политиката на САД во изминатите пет години е актуелна за прашањата поврзани за трговијата со висока технологија на оружја и воена помош на своите сојузници во војната против тероризмот. Долгорочно гледано, ако овој тренд продолжи и понатаму со ваква динамика по се изгледа дека ќе има реперкусии врз безбедноста и стабилноста, кои најверојатно ќе ги ослаби демократските процеси и може да предизвика ескалација на нова трка во вооружување. Навидум „глобалната милитаризација" ќе остави безбедносни импликации за времето што допрва доаѓа, бидејќи некои земји ја истакнаа желбата и волјата да ги промовираат своите воени достигнувања во слабите земји, и оние земји кои често се критикувани од страна на високоразвиените земји за непочитување на човековите права, насилства, поддршка на тероризмот или за ниско ниво на демократизација.[14]

Може да се констатира дека од сите можни видови на меѓународна соработка помеѓу развиените и неразвиените земји, воената соработка е таа која

[13] Richard F.Grimmett, CRS Report for Congress; Conventional Arms Transfers to Developing Nations, 1999-2006, September 26, 2007

[14] Еден од виталните интереси на САД е поврзан за ширење на американските вредности преку надворешната политика. Оваа цел може да се оствари преку позитивен притисок врз останатите земји да ги прифатат човековите права, демократијата, забраната за ширење на нуклеарното оружје и др. Ваквата политика на САД која го поддржува униполаризмот ги наградува (оние земји кои ја поддржуваат оваа визија на светски поредок), со бенефиции за пристап до американскиот пазар, финансиска или воена помош. Види во: Plevnik J., Iza globalizacije, Golden marketing, Zagreb, 2003, str.98.

понекогаш преставува првична фаза за отворање на пазарот и воспоставување демократија со репресивни средства.

## Компарација на потребите за војната и мирот во услови на глобализација

За да се разрешат дилемите околу тоа дали ризиците и опасностите наследени од глобализациските процеси не водат кон мир и стабилност или светот го прават уште понебезбеден и несигурно место за живеење, неопходно е да се направи анализа на податоците потребни за одржување на мирот.

Годишните проценки кои претходно ги потенциравме за светските трошоци за потребите на одбраната од 1.5 трилион долари на годишно ниво (или 2.5 % од светскиот БДП) е премногу во однос на потребните средства за мир и одржување на мирот. Според, ООН, програмите (економските, хуманитарните, социјалните и др.) наменети за помош на најсиромашните земји во светот имаат вредност од 10.5 милијарди долари на годишно ниво, додека операциите на ООН за една година, за чување на мирот изнесуваат околу 5 милијарди долари. Имајќи предвид дека чуварите на мирот ги има околу 100.000, во различни мисии насекаде во светот, покажува дека буџетот на ООН е занемарлив во однос на светските трошоци за одбрана и воени операции. Или изразено во проценти изнесува 0.5% од светските издатоци за одбрана.[15]

Меѓу најзастапените контрибутори во буџетот на ООН за операции чување на мирот се САД (22%), Јапонија(19%), Германија(9%), В. Британија (7%), Франција(7%), Италија (5%), Канада (3%) и други. Сепак кога ги разгледуваме прашањата за војната и мирот во услови на глобализација, може да се воочи следново. Постои диспропорционалност помеѓу земјите во однос на „финансиски контрибутори“[16] и „контрибутори со персонал“. Така на пример високоразвиените земји предначат во првиот сегмент, додека неразвиените и земјите во развој се видени како поддржувачи на мирот со човечки потенцијал. Меѓу најзастапените во вториот сегмент се земјите како Бангладеш, Пакистан, Индија,

[15] Генералното собрание при ООН го одобри буџетот за 2008-2009 година кој изнесува 4.17 милијарди долари.

[16] Иако САД се најголемиот финансиски контрибутор во буџетот на ООН, сепак и малите земји се склони да партиципираат со повеќе средства, отколку некои поголеми земји. На пример Луксембург плаќа 2.44 долари по жител, Лихтенштајн со 2.09 долари, во споредба со Германија која учествува со 1.51 $, Франција со 1.44 $ по жител и САД со 1.23$ по жител. Fact Sheet for tha International Day of Peace: Costs of war and peace. United Nations, 2006.http://www.un.org

Јордан, Непал, Гана, Етиопија, Нигерија и други земји, кои заеднички сочинуваат повеќе од 65 % од вкупниот воен и полициски персонал на ООН. За разлика од овие земји, помалку од 5.7 % персонал доаѓа од 27-те земји членки на ЕУ или 0.5 % персонал од САД.

Ова се само дел од аргументите кои говорат дека зависноста од финансиски средства на ООН од високоразвиените земји може да биде кочница за функционалноста на оваа организација, посебно кога станува збор за оние средства потребни за поддршка на мировните операции.[17]

Констатиравме дека во глобализираниот свет постои непрекината трка за производство на воена технологија и нејзин „пласман" на пазарот, додека се игнорираат хуманитарните програми за поддршка на мирот. Сепак главните аспекти на глобализацијата поврзани за остварување на поголем профит, создавање на нови пазари (за размена на стоки и услуги) и креирање мрежа на меѓузависност се контрадикторни со политиката за промовирање на стабилност и зачувување на светскиот мир по пат на воена сила и милитаризација. Земајќи ги предвид компарациите на трошоците за испраќање на воени трупи и оние за потребите на земјите во развој ќе се забележи соодност 10:1. Ова говори за нехуманиот аспект на процесите на глобализација. Притоа, да не се заборава дека глобалната пролиферација на оружје создаде воена (не) рамнотежа и нови центри на моќ, со што светот повеќе да заличи на „војна на сите против сите".

Меѓу постоечките контрадикторности е и онаа која се однесува на тоа што демократските земји се повеќе ги користат примесите на воената сила во меѓународните односи. За разлика од присутната теза во светот дека демократските земји се се помалку воинствени од недемократските земји. Во контекст на ова говори и фактот дека демократските земји веќе една деценија немаа јасно дефиниран непријател/и со кој/и би можеле да го оправдат драстичниот пораст на воените расходи.

Навистина е тешко да се дојде до решение на проблемот кога е измешан редоследот помеѓу националните интереси, човековите права и воената моќ. Се запрашуваме дали во услови на динамични глобализациски процеси воопшто е можно да се создаде унифициран свет кога постојат редица асиметричности, помеѓу државите и народите?

---

[17] UN Financial Crisis, Global Policy Forum (accessed February 25, 2007)

**Заклучок**

Со интензирање на глобализациските процеси, светот може да се најде во многу комплицирана ситуација, слична на „црно-белиот“ свет. Затоа мора да се пронајде конечно решение за тоа на кој начин земјите да ги споделат своите обврски на меѓународен план, без притоа некој од актерите биде „колатерална штета“. Всушност самото темпо на процесите создава нејасна стратегија од која постои реална опасност учесниците во процесите на глобализација да останат на ниво на принципиелни спорови кои често завршуваат со војни, а крајната цел од унифицирање на светот „невозможна мисија“. Некои индикатори делумно укажаа дека за постигнување на „сопствената цел“, државите ќе ја користат војната како алатка за „продолжување на политиката со други средства“. Можеби и не преставува опасност кога развиените земји ја користат војната со цел да се отвори и зголеми економската соработка од чија полза првично ќе имаат посиромашните и неразвиени земји. Погрешно е мислењето дека воената сила ќе и служи на глобализацијата за освојување на нови територии и пазари, колку за обезбедување на мир и просперитет во оние региони од светот каде е оневозможен слободен економски развој. Актуелноста на мировните операции се само потврда за нивното круцијално значење во светскиот прогрес кои допрва ќе го постигнат својот зенит.

Потребата од воспоставување на глобални легални норми ќе го изостават принципот од употреба на војната за „сопствени цели и промовирање на националните интереси“, притоа доведувајќи ја во неизвесност судбината на некои земји и народи.

(Рецензент: *проф. д-р Зоран Нацев*)

## ЛИТЕРАТУРА

A.F.Klimenko Globalization and its impacts on military politics and military strategy.MilitaryThought.May-June,2002. htpp://findarticles.com/p/articles/mi_m0JAP/is_3_11/ai_94329285/

Бауман З., „*Воините в ерата на глобализациата*". Социологически проблеми 1-2, 2001.

Гоцевски Т., Унификација на системите во услови на глобализација, Филозофски факултет, Скопје, 2008.

Група автори, Национална и Международна сигурност, Военно издателство, ЕООД, 2005.

John B., James W., Colin G. and Eliot C., Strategy in the contemporary world, second edition, Oxford University Press, 2007.

Fukuyama F. (1992) The End of History and the Last Man, Penguin Books

Fact Sheet for tha International Day of Peace: Costs of war and peace, United Nations, 2006. http://www.un.org

Michael Chossudovsky, The Globalization of Poverty and the New World

Order, second edition, Global Research, Center for Research on Globalization, 2003.

Нацев З. „Глобализација-процес кој води кон мир и стабилност или кон нови поделби и конфронтации", Глобализацијата, мирот и безбедноста, МО на Република Македонија и Филозофски факултет, Скопје, 2008.

Huntington S.P. (1996) Sukob Civilizacija i preustroj svjetskog poretka, Izvori, Zagreb

Plevnik J., Iza globalizacije, Golden marketing, Zagreb, 2003.

Richard F.Grimmett, CRS Report for Congress; Conventional Arms Transfers to Developing Nations, 1999-2006, September 26, 2007

UN Financial Crisis, Global Policy Forum (accessed February 25, 2007)

US Military Spending vs. The World, 2008, Center for Arms Control and Non-Proliferation, February, 20 2008. Stocholm International Peace Research Institute, Yearbook 2006, http://www.sipri.org/

Goran ZENDELOVSKI

## DIAPASON ON MILITARY POWER IN TERM OF CONTEMPORARY GLOBALIZATION

**Summary**

Processes of globalization get primarity on regulations of the worlds affaires. Controversies and revivals from the periods of Cold war, remains behind antagonisms who led toward series of wars and conflicts through the world. Periods fulfillments of oscillations with peace and war, pointed at that globalization process and war how sociable phenomenon are not seen lake separated issues. The world composed of countries „classified" how countries from First, Second or Third world is difficult to find common peaceful solution. „Double standards" promoted by globalization always remains possibility of new collision *between „power", „rights" and „interests" on states and international organizations.*

***Keywords:*** *GLOBALIZATION, WAR, PEACE, MILITARY POWER.*